# Конкурс за ангажирање на Психолог во Советувалиште за жени жртви на родово базирано и семејно насилство во рамки на НСРР

## 1. За Сојуз - Национален Совет за Родова Рамноправност

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. Во рамки на НСРР функционира првата национална, бесплатна СОС линија за жени жртви на семејно и родово базирано насилство ( 141 700 ), како и Советувалиштето за жени жртви на семејно и родово базирано насилство што нуди бесплатна психо – социјална и правна поддршка.

За спроведувањето на својата програма за 2025 година НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија. Една од целите на кои се фокусира НСРР во текот на 2025 година е:

- Превенција и заштита на жените жртви на родово базирано и семејно насислтво;

## 2. Опис на работни задачи

Работни задачи што треба да бидат реализирани од страна на кандидатот/ката се следниве:

- Да пружи психолошко советување на жени жртви на родово базирано и семејно насилство, со цел одржување на нивното ментално здравје;
- Да отвори и да води досие за секоја корисничка на услугата;
- Да води и поднесува квартални и годишни извештаи поврзани со психолошкото советување во рамки на Советувалишниот центар до програмскиот тим на НСРР;
- Да пружи онлајн психолошко советување за жените жртви на семејно и родово базирано насилство преку https://nsrr.org.mk/digitalno-sovetuvaliste/ ;
- Да учествува во иницијативи на организацијата од областа на родово базирано и семејно насилство;
- Да ги придружува жртвите до релевантните институции (доколку е потребно);
- Да биде во постојана комуникација со релевантните институции и организации кои работат во областа на превенција и заштита од семејно и родово базирано насилство;
- Да учествува и да ја претставува организацијата на обуки, семинари, работилници во областа на семејно и родово – базирано насилство;
- Да учествува во активности поврзани со промоција на програмските активности на НСРР и Советувалишниот центар при НСРР;
- Да биде во постојана комуникација и соработка со останатите членови на Советувалишниот центар при НСРР;
- Да биде во постојана комуникација и координација со програмскиот тим на НСРР;

**3. Квалификации и барања што треба да ги задоволат кандидатите/ките:**

Ве охрабруваме да се пријавите доколку имате:

- Универзитетска диплома во областа на психологијата;
- Лиценца изадена од комората на психлози на РСМ ќе се смета за предност;
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик, албански јазик ќе се смета за предност;
- Одлични организациски и комуникациски вештини;
- Доверлива личност која ги почитува принципите и политиките на организацијата;
- Одлични способности за работа во тим;
- Одлично познавање на MS Office програмите;
- Најмалку една година работно искуство;
- Познавање на закони, политики и програми поврзани со семејно и родово – базирано насилство во РСМ ќе се смета за предност;
- Искуство во работа со жени жртви на семејно и родово базирано насилство ќе се смета за предност;
- Искуство и познавање на граѓанскиот сектор ќе се смета за предност.

**4. Времетраење и период на спроведување на активностите**

Кандидатот/ката ќе биде хонорарно ангажиран/а. Работното време е во договорот со кандидатот/ката. Месечниот бруто хонорар изнесува 12 000 МКД. Ангажманот започнува од март 2025 година во Скопје.

**5. Пријавување и избор**

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес на македонски јазик;
- Скенирана диплома за завршено образование;
- Најмалку две референци од претходни работни места, пракси, волонтирање и др.

Пријавите треба да се достават најдоцна до **10.03.2025 година** на е-пошта: sozm@t.mk -, stankovikmartina@gmail.com и teazografska@gmail.com, со предмет: Апликација за **Психолог во Советувалиште за жени жртви на родово базирано и семејно насилство 2025 година**

Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.